Врз основа на член 44 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2009) министерот за финансии донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИТЕТ ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

## Член 1

Во Министерството за финансии се формира Комитет за финансиско управување и контрола, како консултативно тело за прашања поврзани со финансиското управување и контрола.

## Член 2

(1) Комитетот за финансиско управување и контрола е тело за спроведување консултации во врска со организацијата и функционирањето на единиците за финансиски прашања во субјектите.

(2) Под консултација од став 1 од овој член се подразбира :

- усогласување за прашања поврзани со финансиското управување и контрола;
- размена на информации кои се однесуваат на планирањето и извршувањето на буџетот;
- давање совети за специфични буџетски прашања и прашања кои се однесуваат на финансиската регулатива;
- дефинирање на заеднички ставови и мислења и нивно вградување во регулатива или препораки;
- одлучување за заедничко извршување на одредени активности и
- давање совети на министерот за финансии.

(3) Комитетот за финансиско управување и контрола дава консултации кои се однесуваат на прашања поврзани со:

- развојот, воспоставувањето, спроведувањето и одржувањето на финансиското управување и контрола;
- организација, место, функција и улога на единиците за финансиски прашања;
- спроведувањето на финансиската регулатива и подготовката на процедурите;
- планирањето и извршувањето на буџетот, финансиското известување и подготовката на годишниот финансиски извештај;
- обука на вработените во единиците за финансиски прашања;
- следење на препораките на внатрешните и надворешните ревизори и
- други релевантни прашања.

### Член 3

1. Членови на Комитетот за финансиско управување и контрола се државниот секретар во Министерството за финансии, раководителот на Централната единица за хармонизација и раководителите на единиците за финансиски прашања во министерствата.
2. За Претседател на Комитетот за финансиско управување и контрола се назначува државниот секретар во Министерството за финансии.
3. За Секретар на Комитетот за финансиско управување и контрола се назначува раководителот на Централната единица за хармонизација.
4. Во отсуство на Државниот секретар на Министерството за финансии, со Комитетот за финансиско управување и контрола ќе претседава раководителот на Централната единица за хармонизација.
5. Во отсуство на раководителот на единицата за финансиски прашања на министерството, на седница на Комитетот за финансиско управување и контрола присуствува вработен од соодветната единица за финансиски прашања во министерството.

### Член 4

Државниот завод за ревизија определува претставник кој ќе присуствува на состаноците на Комитетот за финансиско управување и контрола како набљудувач.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 15-25107/1
01.8. 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
д-р Зоран Ставрески